UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
51
2022

vol. 51
Issue 1-2

BALCANOSLAVICA VOLUME 51, ISSUE 1-2, pag. 1-132, PRILEP, 2022

Издавач:
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Издавачки совет:
Александар ВАСИЛЕСКИ (Прилеп)
Марија ЧИЧЕВА АЛЕКСИЌ (Прилеп)
Ели ЛУЧЕСКА (Прилеп)
Иван ЗАРОВ (Прилеп)
Орданче ПЕТРОВ (Прилеп)

Секретар
Ивона ПАНЏАК-ПИНЕВА

Технички уредник:
Орданче ПЕТРОВ

Лектор на македонски јазик:
Виолета КРСТЕСКА

Превод на англиски:
Орхидеја ЗОРОВА

Компјутерска обработка:
Орданче ПЕТРОВ

Печати:
АЦЕТОНИ Прилеп

Тираж:
300 копии

Publisher:
PRI Institute of Old Slavic Culture - Prilep

Advisory board:
Aleksandar VASILESKI (Prilep)
Marija ČIČEVA ALEKSIĆ (Prilep)
Eli LUČESKA (Prilep)
Ivan ZAROV (Prilep)
Ordanče PETROV (Prilep)

Secretaty
Ivona PANDŽAK PINEVA

Technical editor:
Ordanče PETROV

Macedonian proofreading:
Violeta KRSTESKA

Translation in English:
Orhideja ZOROVA

Computer layout:
Ordanče PETROV

Printed by:
ACETONI Prilep

Printed in:
300 copies

Адреса:
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп
ул. Кичевско Џаде, бб. 7500 Прилеп,
Р Македонија
balcanoslavica@isk.edu.mk
www.balcanoslavica.mk
https://www.doi.org/10.58301/BM

Adrress:
PSI Institut for Old Slavic Culture - Prilep
Kichevsko Dzade st. bb, 7500, Prilep,
Republic of Macedonia
balcanoslavica@isk.edu.mk
www.balcanoslavica.mk
https://www.doi.org/10.58301/BM

UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
51/1-2
2022

Главен уредник и редактор:
Александар ВАСИЛЕСКИ (Прилеп)

Уреднички одбор:
Сашо ЦВЕТКОВСКИ (Македонија), Елица МАНЕВА (Македонија),
Анета СЕРАФИМОВА (Македонија), Сашо КОРУНОВСКИ (Македонија),
Елизабета ДИМИТРОВА (Македонија), Јанис ЦИУРИС (Грција),
Иванка ГЕРГОВА (Бугарија), Роберт МИХАЈЛОВСКИ (Австралија),
Саша ЧАВАЛ (Словенија/Соединети Американски Држави), Един БУЈАК (Босна и
Херцеговина), Јелена БОГДАНОВИЌ (Соединети Американски Држави),
Смиљка ГАБЕЛИЌ (Србија), Маријанка БОРИСОВА (Бугарија);
Мариола ВАЛЧАК-МИКОЛАЈЧАКОВА (Полска)

UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
50/1-2
2022

Editor-in-Chief:
Aleksandar VASILESKI (Prilep)

Editorial commitee:
Sašo CVETKOVSKI (Makedonija), Elica MANEVA (Makedonija),
Aneta Serafimova (Makedonija), Sašo KORUNOVSKI (Makedonija),
Elizabeta DIMITROVA (Makedonija), Ioannis Tsiouris (Greece),
Ivanka GERGOVA (Bulgaria), Robert Mihajlovski (Australia), Saša ČAVAL (Slovenia/USA),
Edin BUJAK (Bosnia and Herzegovina), Jelena BOGDANOVIĆ (USA),
Smiljka GABELIĆ (Serbia), MARIYANKA BORISOVA (Bulgaria),
Mariola WALCZAK-MIKOŁAJCZAKOWA (Polska)

BALCANOSLAVICA VOLUME 51, ISSUE 1-2, pag. 1-132, PRILEP, 2022

СОДРЖИНА / CONTENT

9

ПРЕДГОВОР

FOREWORD

11-32

Христијан ТАЛЕВСКИ

ОСНОВНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО ВО РИМСКИТЕ ГРАДОВИ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ
- историски и археолошки согледувања -

Hristijan TALEVSKI

GENERAL MANIFESTATIONS IN THE CONSTRUCTION ACTIVITIES IN THE ROMAN CITIES ON THE BALKAN PENINSULA
- HISTORICAL AND ARCHAEOLOGICAL CONSIDERATIONS -

33-64

Бранислав АТАНАСОСКИ

ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА ФОРТИФИКАЦИЈАТА ОД ЛОКАЛИТЕТОТ ГРАДИШТЕ КАЈ СЕЛОТО ДЕБРЕШТЕ

Branislav ATANASOSKI

THE CONSTRUCTION PHASES OF THE FORTIFICATION AT THE SITE GRADISHTE NEAR THE VILLAGE OF DEBRESHTE

65-74

Јасминка КУЗМАНОВСКА

ТОПОНОМАСТИЧКИ ПРИЛОГ КОН ТРИ ДОЦНОАНТИЧКИ ТВРДИНИ

Jasminka KUZMANOVSKA

TOPONOMASTIC/TOPONYMIC CONTRIBUTION TO THREE LATE ANTIQUE FORTRESSES

75-82

Марија ЧИЧЕВА-АЛЕКСИЌ, Јасминка КУЗМАНОВСКА

СОГЛЕДБИ ЗА АДАПТАЦИЈАТА НА ГРЧКИТЕ ХРИСТИЈАНСКИ ТЕРМИНИ СО КОИ СЕ ОЗНАЧУВА ПОИМОТ ТРПЕНИЕ ВО ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИТЕ ТЕКСТОВИ

Marija ČIČEVA - ALEKSIĆ, Jasminka KUZMANOVSKA

SOME CONSIDERATIONS ABOUT THE TRANSLATION OF GREEK TERMS FOR PATIENCE IN THE CHURCH SLAVIC MANUSCRIPT OF MACEDONIAN PROVENIENCE

83-96
Ивона ПАНЏАК-ПИНЕВА
СЛИКАНИОТ АНСАМБАЛ ВО НАОСОТ НА ЦРКВАТА
СВЕТИ НИКОЛА БОЛНИЧКИ ВО ОХРИД

Ivona PANDŽAK-PINEVA
THE PAINTED PROGRAM OF THE NAOS IN THE CHURCH OF ST NICHOLAS BOLNICKI
(ST. NICHOLAS OF THE HOSPITAL) IN OHRID

97-106
Атанас АТАНАСОСКИ
КРСТОВИДНИ ОРНАМЕНТИ ВО ВИЗАНТИСКИТЕ И ПОСТВИЗАНТИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ НА ФРЕСКОЖИВОПИСОТ ВО
ПРЕСПАНСКО-ПЕЛАГОНИСКАТА ЕПАРХИЈА

Atanas ATANASOSKI
CRUCIFORM ORNAMENTS IN THE BYZANTINE AND POST BYZANTINE MONUMENTS OF FRESCO PAINTING
IN THE PRESPA-PELAGONIAN EPARCHY

107-118
Весна ПЕТРЕСКА
МЕТОДОЛОШКИ ПРАШАЊА ПРИ ТЕРЕНСКИТЕ И АРХИВСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА КОРИСТЕНИ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА
НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – НА ПРИМЕРОТ НА ПОБРАТИМСТВОТО НА ГОВЕДАР КАМЕН

Vesna PETRESKA
METHODOLOGICAL QUESTIONS IN THE FIELD AND ARCHIVE RESEARCHES USED IN THE STUDY OF THE INTANGIBLE
CULTURAL HERITAGE – ON THE EXAMPLE OF THE BLOOD BROTHERHOOD OF GOVEDAR KAMEN

119-132
Владимир Карацоски
ТРИЕСЕТ И ДВЕ ГОДИНИ ЕТНОЛОШКИ И ФОЛКЛОРИСТИЧКИ ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЊА ОД ОБЛАСТА НА
ЕТНОЛОГИЈАТА И ЕТНОГЕНЕЗАТА ВО РАМКИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАРОСЛОВЕНСКА КУЛТУРА ВО ПРИЛЕП

Vladimir KARADZOSKI
THIRTY-TWO YEARS OF ETHNOLOGICAL AND FOLKLORE FIELD RESEARCH AT THE DEPARTMENT OF ETHNOLOGY AND
ETHNOGENESIS WITHIN THE INSTITUTE OF ANCIENT SLAVIC CULTURE IN PRILEP

ПРЕДГОВОР

Со ова 51 издание на научното списание *Balcanoslavica* за 2022 година, се заокружува петдеценискиот период од неговото публикување, односно од првопечатениот број во далечната 1972 година. Во изминатите педесет години кои го опфаќаат издавањето на Balcanoslavica, списанието поминало низ бројни фази кои ја искристализирале неговата денешна форма. Во првата фаза од неговото постоење, тоа исклучиво содржело научни трудови од областа на средновековната археологија, но со проширувањето на дејноста на Институтот за старословенска култура – Прилеп, кој е издавач на *Balcanoslavica* од самото основање на институтцијата во 1980 година, започнуваат да се вклучуваат и трудови од другите области од дејноста на Институтот. Така, во периодот по 1990 година, значајно место во списанието добиваат и трудовите со научна проблематика од полето на историјата на уметноста, етнологијата, историјата на јазикот и историјата. Ваквата интердисциплинарност во уредувачката политика на списанието продолжува до денес, а со цел да се одговори на техничките карактеристики кои ги побаруваат трудовите од овие области, од 2018 година е променет форматот на списанието. Покрај печатеното издание, денес до ова списание, пошироката научна и стручна јавност може да пристапи и во електронска форма со што е зголемена неговата референтност и достапност.

Ова финално издание како печатен презентер на петдеценискатa институтска дејност, е сублимат на сите горенаведени процеси. Во него се содржани осум истражувачки трудови од областите на археологијата, историјата на уметноста, историјата на јазикот и етнологијата кои студиозно се осврнуваат на значајни аспекти на материјалната и нематеријалната култура создавана на тлото на Македонија. Секој од овие прилози, преку утврдена методологија и соодветна аналитичност на поставениот тематски пристап и цел обезбедува важни фактографски податоци и научни сознанија. Сепак, примарната вредност на списанието е во тоа што можност за согледување на различните аспекти на културата во различни хронолошки периоди, со што се пружа можноста да се стекне суштествено знаење за минатото.

FOREWORD

With the 51st edition of Balcanoslavica for the year 2022, we are marking half a century since its inaugural publication in 1972. Over the past fifty years, the journal has undergone numerous transformations, which have shaped its current form. Initially, the publication focused primarily on scholarly papers related to Medieval archaeology. However, with the evolving professional activities of the Institute of Old Slavic Culture – Prilep, the scholarly journal's publisher since its establishment in 1989– Balcanoslavica gradually expanded to include research from other fields of the Institute's work. By the early 1990s, the journal began incorporating papers on art history, ethnology, historical linguistics, and history. This interdisciplinary approach has remained central to the journal's editorial policy. To better accommodate the technical requirements of these diverse fields, Balcanoslavica was upgraded in 2018. Alongside its print edition, the journal is now available in an electronic format, significantly enhancing its visibility and accessibility to the wider scientific and public communities.

This latest edition serves as a culmination of the processes described above. It features eight scholarly papers that cover topics in archaeology, art history, historical linguistics, and ethnology, each contributing to a deeper understanding of the material and spiritual culture of Macedonia. Through rigorous methodologies and thorough analyses, these papers offer important scientific insights. Ultimately, the value of Balcanoslavica lies in its ability to facilitate a broader understanding of various cultural aspects across different historical periods, thereby providing critical perspectives on the past.

МЕТОДОЛОШКИ ПРАШАЊА ПРИ ТЕРЕНСКИТЕ И АРХИВСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА КОРИСТЕНИ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО – НА ПРИМЕРОТ НА ПОБРАТИМСТВОТО НА ГОВЕДАР КАМЕН

Весна ПЕТРЕСКА
Институт за фолклор „Марко Цепенков“
petreskavesna75@gmail.com

стручен труд
accepted: 01.03.2023
УДК 930.85:303.442.23:[392.35:398.32(497.732)
DOI: https://www.doi.org/10.58301/BM22511-2107p

Апстракт: *Истражувањето се осврнува на теренските и архивските истражувања, пред сè, на Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ и на предизвиците што ги нудат тие како културна меморија на фолклорно-етнолошкото наследство, односно на нематеријалното културно наследство, на негова промоција, заштита и на негово претставување. Методолошките прашања при теренските и архивските истражувања се разгледуваат на примерот на изготвување на елаборатот „Побратимството на Говедар Камен“ за нематеријално културно наследство, кој во 2019 година беше прогласен за културно наследство од особено значење, поткатегорија – исклучително значење.*

Клучни зборови: теренски истражувања, архивски истражувања, нематеријално културно наследство, побратимство, Говедар Камен.

Истражувањето се осврнува на теренските и архивските истражувања, пред сè, на Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ и на предизвиците што ги нудат тие како културна меморија на фолклорно-етнолошкото наследство, односно на нематеријалното културно наследство, на негова промоција, заштита и на негово претставување[1].

Прашањето за теренот е едно од клучните во фолклористичките, етнолошките, социокултурно и антрополошките истражувања, тргнувајќи од фактот дека тие се, пред сè, емпириски науки кои до сознанието настојуваат да дојдат преку теренски истражувања. Особено, периодот од крајот на XX век, па речиси до денес, е период исполнет со постојано размислување за теренот во: фолклористичките, етнолошките, антрополошките истражувања, кои во центарот на интересот го поставиле современото општество и некои негови сегменти, на пр., економија, глобализација, урбан живот, а доколку се занимаваат со традиционалните модели, повторно теренските истражувања се преиспитувани во последните две децении[2]. Затоа и прашањето за теренот треба да биде постојано во центарот на вниманието, што подразбира постојано размислување за него, како и за негово преиспитување.

[1] Весна Петреска, „Архивските и теренските истражувања како предизвици на фолклористичките истражувања во Институтот за фолклор во првите две децении на 21 век“, *Македонски фолклор,* бр. 80 (2021): 7. (https://doi.org/10.55302/MF2180007p)

[2] Петреска, „Архивските и теренските истражувања“, 7.

Во согласност со фактот дека теренските истражувања во фолклористиката се клучни во добивањето сознанија, оттука и основните истражувања на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, почнувајќи од неговото основање (во 1950г.), се темелат на теренските истражувања, со што континуирано се бележи и се следи состојбата во сите сегменти на: духовната, материјалната и социјалната култура. Ова убаво се гледа уште со формирањето на Институтот, во Уредбата на Владата на Народна Република Македонија, број 1183, од 6.4.1950 година (тогаш како Фолклорен институт, самостојна научна институција од посебен национален интерес, со седиште во Скопје), каде што стои дека примарна задача на Институтот е да се собира, да се систематизира и да се конзервира фолклорното богатство на македонскиот народ[3].

Тргнувајќи од фактот дека „народната“, „традиционална“ култура е динамична, тоа значеше и постојано преиспитување на теренот, особено методите на теренските истражувања. Ако поранешните теренски истражувања се карактеризираа, обично, со еднонеделно одење на терен, главно, во селски средини и основниот пристап при теренските истражувања се состоеше во водење разговори по пат на прашалници, т.н. квантитативни истражувања и снимање на материјалот на: магнетофонска лента, касета, диктафон, понатаму внимание почна да се обрнува и на непосредните забележувања, како и непосредните забележувања со учествувања[4], а исто и на интервјуата т.н. квалитативни истражувања. Непосредните забележувања често придружени со учествувања, исто така ги сретнуваме и кај познатите теренски истражувачи од типот на Б. Малиновски, Јозеф Обрембски. Современите фолклористички и етнолошки истражувања се заложуваат за истражување со содејствување и истакнуваат дека не е доволно само едноставно да се соберат податоци (од поединечни информатори) за општи теми, туку е потребно и набљудување на индивидуалните и на колективните дејствувања, собирање на кажувања кои не се размислувани претходно или известувања за општеството – општо, за поединечниот живот кој се живее во моментот. Во ваков случај можеме да се сложиме со Џејмс Клифорд (Clifford), според кого културата е отворен и креативен дијалог меѓу поткултурите, меѓу оние што се нејзини припадници и оние што се надвор од неа, меѓу различните страни[5].

Набљудувањето, како истражувачки процес, може да ги открие традиционалните механизми зад модерните и постмодерните културни случувања, но кај кои се гледа потрошувачката, консумерска култура[6].

Меѓутоа, за да можат да се откријат традиционалните нитки во современата култура, треба

[3] Да се види повеќе: Зоранчо Малинов, „Кон јубилејот (Краток преглед на 70-годишната историја на Институтот)“, во: *70 години Институт за фолклор „Марко Цепенков“ (1950 – 2020),* ред. д-р З. Малинов и д-р К. Петровска-Кузманова (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 2020), 5.

[4] Да се види повеќе: Весна Петреска, „Од терен до научен текст: методолошки и етички прашања при теренските истражувања“, *Македонски фолклор*, бр. 75 (2019): 6-9.

[5] Според: Marc Augé, “Bliski drugi”, in: *Drugi i sličan. Pogledi na etnologiju suvremenih društva*. (Zagreb: Naklada Jesenski i Turk, 2002), 39.

[6] Милена Беновска-Събкова, „Размисли върху методите за проучване на традиционната култура в съвременността“, *Етнокултуролошки зборник*, 9 (2004): 31; Радост Иванова, *Сбогом динозаври, добре дошли крокодили: етнология на промените* (София: Академично издателство «Проф. Марин Дринов», 1997); Весна Петреска, *Етнографија на современиот семеен живот во македонското семејство. Традициски и нови културни модели во обредноста и семејниот живот*. Посебни изданија, кн. 70. (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 2008); Лидија Стојановиќ-Лафазановска, Л. (ур.) *Методи на истражување на фолклорот*. Посебни изданија, кн. 60. (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 2005); Herman Bauzinger, *Etnologija. Od proučavanje starine do kulturologije*. (Beograd: Biblioteka XX vek, 2002), 316-318.

добро да се познава традиционалната/народната култура, која неминовно е подложна на промени. Оттука се допира и прашањето за истражување на архивите кое, исто така, се зема и како теренско истражување[7]. Истражувачите кои се занимавале со истражување на архивите, истакнале дека тие се интердисциплинарни установи поради нивната разновидна дејност и истовремено на современ начин се свртени и кон културата, кон управата, кон науката, кон образованието[8]. Но, и при истражување на архивите треба да се земе предвид контекстот кога е истражувано. Во оваа смисла би го споменала огромниот фонд со кој располага Архивот на Институтот за фолклор кој континуирано се збогатува почнувајќи од неговото основање.

Истражувањето на архивите, во овој случај на Архивот на Институтот за фолклор во кој можат да се најдат драгоцени информации, дава можност за поврзување на архивите и науката, што континуирано го прават истражувачите во Институтот за фолклор. Би истакнала дека во денешно време можеби повеќе треба да се посвети внимание на архивските материјали со кои располага Архивот на Институтот кои, како најстари од овој вид во државава (1950 г.), даваат драгоцени податоци како за хоризонтален така и за вертикален континуитет на настаните. Затоа, архивските материјали, покрај улогата на зачувување и пренесување на фактите од минатото, претставуваат значајна подлога за научна работа и може да се каже дека често тие се и еден од најважните извори. Затоа, и Бернард Стули истакнува дека главниот корисник на архивите во современата општествена практика е науката, а со тоа вредноста и општествената улога на архивите, во поголем дел, ја запознава поширокатa јавност посредно преку објавување на резултатите од научните истражувања[9], слично како што и Р. Бендик, која истакнува дека архивите се функционални установи кои во некои случаи се водени од силното интересирање за меѓусебно поврзување на архивите и на дисциплинарната практика[10].

Затоа, уште постарите истражувачи истакнале дека за поуспешни истражувања, значајно е, во архивите да постои колку што е можно подолг временски континуитет на записи. Ѓ. Петровиќ уште во 1979 година, истакнала дека за разлика од усмените извори кои подробно го фиксираат, обично, определеното време и прават хоризонтален пресек, архивската граѓа претставува најпрецизен информатор за објективно утврдување на историските димензии, што го прави и вертикалниот пресек и помага точно да се согледаат процесите и содржините кај појавите од доменот на културата на минатите и на неодамнешни денови[11]. Ова значи дека за покомплетно

---

[7] За архивите како теренско истражување да се види: „Архивски извори у реконструкцији живота“, во *Етнологија и антропологија: стање и перспективе*. Зборник радова етнографског института бр. 21. (Београд: Етнографски институт САНУ, 2005), 115–121; Драгана Радојичић, „Примена архивске грађе у етнологији“, во *Теренска истраживања – поетика сусрета. Зборник радова етнографског института* бр. 27. Главни и одговорни уредник Радојичић, Д.; ур. М. Ивановић-Баришић (Београд: Етнографски институт САНУ, 2012), 77–86; Драгана Радојичић, *Архив и антропологија сећања*. Метроон: извори за етнологију и антропологију, књига 1, монографска издања. (Београд: Етнографски институт САНУ, 2020).

[8] Радојичић, „Архив и антропологија сећања“, 10.

[9] Според: Радојичић, „Архив и антропологија сећања“, 11, сп: Bernard Stulli, (ur.). *Priručnik iz arhivistike* (Zagreb: Savez društava arhivskih radnika Jugoslavije, 1977), 15.

[10] Според: Радојичић, „Архив и антропологија сећања“, 11, сп: Regina F. Bendix, “Archived and Archival Culture. Ethnographic Reflections on Archival Habits.” *Storia della Storiografia* 68/2 (2015), 143–163.

[11] Според: Радојичић, „Архив и антропологија сећања“, 11, сп: Đurđica Petrović, „Dubrovački arhiv kao izvor za etnologiju.“ Zbornik historijskog arhiva u Dubrovniku, *Arhivist* 1–2 (1979): 157–159.

истражување или за длабинско истражување на определена проучувана култура, таа треба да се истражува како на вертикално така и на хоризонтално ниво, а тоа е овозможено преку истражување на архивите. Но, исто така, во зависност од темата, е пожелно да се користат сите видови постоечки извори кои можат да дадат драгоцени податоци. Особено ова се однесува на современите етнолошки, антрополошки истражувања кои се протегаат од минатото кон иднината, од историските извори сочувани во архивите, сè до виртуелните, дигитални светови[12].

Забрзаните промени во новото време што неминовно доведуваат до губење на елементи на традицијата, на народната култура, а кои сега се гледаат како нематеријално културно наследство, го отвораат и прашањето за негова заштита која е една од перспективите на фолклористичките и на етнолошките истражувања. Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ е овластен субјект за заштита на нематеријалното културно наследство и неговите истражувачи имаат изработено над 60-ина елаборати за валоризација на нематеријалното културно наследство, изработени за потребите на Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура. Неколку елаборати изработени од вработените во Институтот за фолклор, се впишани на Репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на човештвото на УНЕСКО[13], еден е на Листата за потребата од итна заштита на нематеријалното културно наследство на човештвото на УНЕСКО,[14] а неколку се и на Националната листа на заштитени нематеријални културни наследства[15]. Треба да се истакне дека и при изготвувањето на елаборатите за заштита неминовно е истражување во Архивот на Институтот за фолклор, како и теренски истражувања за согледување на современата состојба и дали е жива традицијата. Всушност, и културните политики на земјите се насочени кон: претставување, промовирање и употреба на културните традиции каде што, покрај идентитетот, е неизоставно добивање и на капитал, а со самото тоа е видлива перформативната страна на фолклорот бидејќи политиките се насочени кон заштита на живото културно наследство[16].

На примерот на изготвување на елаборатот „Побратимството на Говедар Камен“ за негова заштита, ќе се осврнам на методолошките прашања при теренските и архивските истражувања. Сè уште живата традиција на верувањето

[12] Радојичић, „Архив и антропологија сећања“, 13.

[13] На репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на човештвото на УНЕСКО се „Св. 40 маченици („четерсе“) во Штип (Feast of the Holy Forty Martyrs in Štip) – заштитено во 2012 г.; „Орото Копачка, од селото Драмче – Пијанец (Kopachkata, a social dance from the village of Dramche, Pijanec) заштитено во 2014 г.; „Празникот Хдрлез/Ѓурѓовден“ (Spring celebration, Hidrellez) – заштитено од страна на Македонија и Турција во 2017 г. и „Културните практики поврзани со 1-ви Март“ (Cultural practices associated to the 1st March), познат како „Мартинки“, заштитено од страна на Македонија, Бугарија, Република Молдавија и Романија во 2017 г. Да се види: https://ich.unesco.org/en/convention. UNESCO Convention for Safeguarding the Intangible Cultural Heritage of Humanity, Paris, 2003.

[14] На Листата за потребата од итна заштита на нематеријално културно наследство е впишано „Гласоечко, машко двогласно пеење во Долни Полог“ (Glasoechko, male twopart singing in Dolni Polog), во 2015 г. Да се види: https://ich.unesco.org/en/convention.

[15] Службен весник на Република Северна Македонија, 23 јули 2019, бр. 150, год. LXXV, стр. 7. За Институтот за фолклор како овластен субјект за заштита на нематеријалното културно наследство, да се види повеќе: Малинов, „Кон јубилејот“, 10; Весна Петреска, „Предизвици на современите фолклористички и етнолошки истражувања“, *Македонски фолклор*, год. LI, бр. 77-78 (2020): 52-53.

[16] Петреска, „Предизвици на современите фолклористички и етнолошки истражувања“, 55; Петреска, „Архивските и теренските истражувања“, 15.

во светоста на Говедар Камен и извршувањето на обредната процедура беше причина и за изготвување на елаборатот „Побратимството на Говедар Камен“, за којшто, Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јули 2019 година, донесе Одлука за прогласување на нематеријалното културно добро „Побратимството на Говедар Камен“ за културно наследство од особено значење, поткатегорија – исклучително значење[17].

Побратимството е духовно сродство кое може да биде склучено од неколку причини: заедничко крштевање, од пријателство и од неволја. Тоа се сретнува и во други култури, меѓу кои и во балканските, па оттаму, онаму каде што имавме можност се обидовме да се направи споредба со нив за да се согледаат заедничките елементи, како и спецификите и карактеристиките на особени култури на определени места. Тргнувајќи од современите истражувања во фолклористиката дека фолклорот се разгледува како културна практика на малите социјални групи[18] и истражување на секојдневието[19], па во таа смисла може да се зборува и за културата на многу социјални групи[20], затоа и побратимството, особено побратимството на Говедар Камен, се разгледува како еден дел од културата, како култура на групи кои веруваат во светоста на Каменот[21].

За подготвувањето на елаборатот како извори ги користев: пишуваните извори, главно, од почетокот на XX век, па сè до денес, архивските материјали депонирани во Архивот на Институтот за фолклор, како и сопствени теренски истражувања, додека за подготвувањето на монографијата беа вршени дополнителни теренски истражувања, со цел да се види и најновата состојба. Теренските истражувања покрај согледување на најновата состојба, имаа за цел да се види и значењето што го има самиот Камен, како и обредот на побратимување кај локалното население, како тие го доживуваат и нивната верба/неверба кон него. Притоа, беше користен методот на поставување прашања, квалитативни истражувања – искуства на локалното население било за нив самите или пак за други, како и методот на набљудување. Ваквите истражувања често и не беа водени на самиот ден на извршување на обредот. Исто така, теренските истражувања изведувани на самиот ден, имаа за цел да се набљудува целиот обред, однесувањето на учесниците – како оние од локалното население, така и оние кои дошле да го вршат обредот, значењето што тие им го придаваат на обредот и разговори со лица кои дошле да се „уверат“ во неговата светост, како и со оние што ја „искусиле“ неговата моќ. Со цел да се видат спецификите на побратимството на Говедар Камен, а бидејќи побратимството било широко распространето во македонската, но и во балканските култури, земени се предвид и другите видови побратимства: побратимство склучено од пријателство и пријателство поради болест или друга непогода.

---

[17] Службен весник на Република Северна Македонија, 23 јули 2019, бр. 150, год. LXXV, стр. 7.

[18] Alan Dundes, *Interpreting Folklore* (Bloomington: Indiana University Press, 1980), 6-7. (http://scholar.worldlib.site:8000/upload/202203/06/20220306171449158.pdf) пристапено на 8.12.2022

[19] Dunja Rihtman-Auguštin, *Etnologija i etnomit,* (Zagreb: ABS95, 2001), 282.

[20] Bauzinger, *Etnologija;* Dunja Rihtman-Auguštin, *Etnologija naše svakodnevice* (Zagreb: Školska knjiga, 1988), 55; Dunja Rihtman-Auguštin, "Ingeborg Weber-Kellermann, Deutsche volkskunde zwischen germanistik und socialwissenschaften, j.b. Metzlersche Verlagsbuchhandlung, Stuttgart, 1969, 113", *Narodna umjetnost,* knj. 8 (1971): 251-253; Dunja Rihtman-Auguštin, „Pretpostavke suvremenog etnološkog istraživanja", *Narodna umjetnost,* 13, (1976): 1-25; Dundes, *Interpreting Folklore,* 6-8.

[21] Весна Петреска, *Побратимството во народната култура: Побратимството на Говедар Камен*. Посебни изданија кн. 85, (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 2019), 8.

За Говедар Камен досега се има доста пишувано, почнувајќи уште од истражувањата на српските етнолози Т. Ѓорѓевиќ[22] и М. Филиповиќ[23] во 30-тите години на XX век, со што на Каменот му се придава големо значење, па до поновите истражувања од Т. Вражиновски[24], Владимир Карацоски[25], Весна Петреска[26], Драгица Поповска[27], Трајан Ристовски[28] итн. Исто така, има снимено и неколку етнолошки документарни филмови. Уште М. Филиповиќ истакнува дека бил познат под името: „Говедар-Камен или Говедаров Камен", додека Турците го нарекувале „Говедар (Говадар) баба". Тој бил познат како култен камен[29].

За описот на културното добро „Побратимството на Говедар Камен" при изготвувањето на елаборатот, а особено при изготвувањето на монографијата, се користеа: постарата варијанта што е позната од М. Филиповиќ, па сè до погоре споменатите понови истражувања. Побратимувањето на Говедар Камен во с. Пеширово – Светиниколско, може да се доведе во врска со оние склучени од невоља, бидејќи тоа се изведува кога младата брачна двојка не може да има деца. Чинот на побратимување се извршувал, но и денес се извршува меѓу жена-неротка (односно жена што не можела да роди) и непознат маж. Побратимувањето се вршело на Ѓурѓовден (5-6.V н.к. -23-24.IV ст. к.) вечерта спроти него или утрото на самиот ден. Понекогаш наместо терминот побратим се употребувал терминот „кум". Понуденото побратимство може да се откаже, но според народното верување, тоа не чини да се откаже, и затоа луѓето најчесто го прифаќаат. Побратимот ќе ѝ помага на невестата околу изведувањето на обредот – плетење на повојот со бел и црвен конец[30]. Карактеристично е што верувањето во светоста на каменот не познава верски и национални разлики.

На Говедар Камен покрај што доаѓале заради добивање дете и за здравје, Филиповиќ нè известува дека луѓето на Каменот барале помош и лек и за стоката. Верувањето дека тука може да се најде помош за стоката се потпира делумно и на легендата за говедарот и за скаменетите говеда, но според авторот се работи за фалусен култ, што го покажува обликот на карпата и некои елементи на култот (обиколување и опашување со конецот, инкубицијата)[31]. Податоци дека се носела и стоката се регистрирани и во

---

22 Тихомир Ђорђевић, *Наш народни живот*, књ. 3 (Београд: Просвета, 1984), 404.

23 Миленко Филиповић, „Говедаров камен на Овчем Пољу", *Гласник етнографског музеја*, бр. XII (1937): 20–30.

24 Танас Вражиновски, *Народна митологија на Македонците*, кн. I и кн. II, Редакција Танас Вражиновски, Асистенти: Љупчо С. Ристески, Владимир Карацоски, Лола Симоска (Скопје–Прилеп: Книгоиздателство Матица Македонска – Институт за старословенска култура, 1998).

25 Владимир Карацоски, „Исцелителската моќ на Говедаровиот Камен", *Етно-културолошки зборник*, књ. VII, (2001/2002): 83–87.

26 Весна Петреска, *Систем на сродство кај Македонците*. Посебни изданија, кн. 59. (Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 2005); Петреска, *Побратимството*, 45-109, 167-178.

27 Драгица Поповска, *Светите камења во македонската народна религија и обредна пракса* (Скопје: Селектор 2009); Драгица Поповска, *Мистиката на каменот* (Скопје: Институт за национална историја, 2012).

28 Трајан Ристовски, *Традициски верувања и обредна пракса околу раѓањето кај Овчеполците* (Штип: Национална установа–Универзитетска библиотека „Гоце Делчев", 2017).

29 Филиповић, „Говедаров камен", 20.

30 За детален опис на обредот да се види: Петреска, *Побратимството*, 55-70; Филиповић, „Говедаров камен", 2-30; Карацоски, „Исцелителската моќ", 83-87.

31 Филиповић, „Говедаров камен", 24.

поновите истражувања[32], а исто така и сопствените истражувања, вршени во 2011 и во 2019 година, ми го потврдуваат тоа[33].

Применетата методологија при истражувањето на Побратимството на Говедар Камен придонесе да можат да се издвојат неколку структурни елементи:

-**Легенди.** Легендите за Говедар Камен се сретнуваат уште во најстарите записи што постојат од времето на Миленко Филиповиќ, па сè до најново време, а тие се сретнуваат и во електронските медиуми, како и на определени веб-форуми. Интересно е што во легендите што ги посочува М. Филиповиќ преовладува мотивот за добивање дете, додека во поновите материјали најчесто се работи за желбата за машко дете. Познат е фактот дека легендите, како и целокупното народно творештво, во временскиот тек трпат и промени, како што и секој раскажувач ја доживува и ја интерпретира легендата на свој начин, внесувајќи и некои промени. Неминовните промени на легендите во текот на времето, како и на целокупното народно творештво за да бидат разбирливи во конкретното време, може да се види и од фактот што проверката од царот кон неговиот син во постарите варијанти е проценката на неговата златна коњска кочија, додека во поновите е проценката на неговата златна облека.

- **Обреди** (плетење повој околу Камен кое го вршат жена-неротка и непознат маж, префрлање на сплетениот појас преку жената од главата – половината – нозете, три пати од страна на побратимот; кршење на мало камче од каменот, врзување на појасот околу половината, замивање со вода, колење на курбан, обреди со крвта, итн.).

-**Верувања** (верување во светоста на каменот, верувањето во моќта на појасот и камчето што служат како амајлија, лековитата моќ на светата вода што се наоѓа на самиот камен, верувања за крвта, итн.).

-**Лични кажувања** (на оние што веќе биле на Каменот и ја искусиле неговата моќ, како и на оние што веруваат во неговата моќ, иако обредната постапка ја повториле неколку години по ред). Станува збор за религиозни луѓе, што укажува дека верувањата од минатото егзистираат и денес. Ова убаво се гледа во кажувањето: *„Да, јас можам да потврдам дека тој камен навистина помага“*[34]; или: *„Интересна работа, затоа што стварно има нешто“*[35]. Постои и друга категорија лица, оние што не веруваат, но откако веќе ги испробале сите можни начини на лекување на неплодноста, едноставно одат бидејќи ништо не можат да изгубат, а сè уште за многу семејства е значајно добивањето потомство: *„Кога човек има мака, ќе оди и по овие работи, тоа е тоа“*[36]. Можеме да кажеме дека кај нив се јавува и скриена религиозност, велејќи: *„Не верувам, ама да пробам“*[37]. Но, треба да ги споменеме и оние кажувања во кои не го гледаме религиозниот аспект, а кои го истакнуваат практичниот и економскиот момент, на пример, дека се купува

---

[32] Ристовски, *Традициски верувања*, 110.

[33] АИФ бр. 4078, дигитален аудиозапис. Инф. Ангел, р. 1968 г. во с. Пеширово. Снимила: Весна Петреска на 6.05. 2011 г. на Говедар Камен; АИФ бр. 4079, дигитален аудио-запис. Инф. Марковска Стојка, р. 1949 г. во с. Пеширово. Снимила Весна Петреска на 30.04.2019 во с. Пеширово; АИФ бр. 4079, дигитален аудиозапис. Инф. Слободан Илиев, р. 1950 г. во с. Ерџелија. Снимила Весна Петреска на 30.04.2019 г. во с. Ерџелија.

[34] Поповска, *Мистиката на каменот*, 196.

[35] АИФ, бр. 4080, сопствени теренски истражувања.

[36] АИФ, бр. 4080, сопствени теренски истражувања.

[37] Поповска, *Мистиката на каменот*, 196.

овца жртвувана на Каменот затоа што е поевтино отколку на друго место[38]. Но, економската корист од жртвуваните животни за поедини учесници во обредот ја потенцирал и М. Филиповиќ уште во 30-тите години, истакнувајќи дека главно купувале сиромашните, бидејќи биле поевтини, но секако дека и општинскиот одбор или пак црквениот, во зависност од тоа кој се грижел за Каменот, имал економска добивка од собраните пари[39].

-**Обредни лица** (жената неротка, побратимот – оној што жената му понудува на некој што е присутен на Говедар Камен да го извршуваат обредот, а доколку по една година жената добие дете, следната година учествува и детето).

-**Обреден простор** (самото место каде се наоѓа Говедар Камен).

-**Обредно време** (Ѓурѓовден – вечерта спроти Ѓурѓовден или утрото на самиот ден).

-**Обредни предмети** (бел и црвен конец, повој-појас, камче, курбан, крв од курбан, исечени парчиња од повој-појас).

-**Кратки фолклорни жанри** (благослови, завети)[40].

Во рамките на „Побратимството на Говедар Камен“ можат да се издвојат и некои посебни карактеристики:

- Припаѓа на категоријата сродднички односи, со оглед на фактот дека на овој начин се воспоставени нови сродднички односи, односно тие се воспоставени по пат на обредноста;

- Побратимувањето на Говедар Камен може да се поврзе во она склучено од неволја, односно тоа се случувало кога младата брачна двојка немала деца, а во поретки случаи и поради други болести;

- Побратим се избирал по случаен избор, на пример, некој маж што ќе го сретне жената кај Каменот. Можело жената и самата да си донесе побратим, што се случувало многу ретко;

- Плетење на повојот од побратимот и жената околу Каменот три пати;

- Качување на побратимот и на жената на Каменот со сплетениот повој, каде што тој ѝ го префрла три пати преку главата – преку половината – па нозете и потоа и го заврзува на половината со искршено мало камче како амајлија;

- Миење на жената од водичката што се наоѓа на самиот Камен;

- Благослови;

- Давање завет од страна на жената ако добие дете;

- Дарување по обредниот чин на плетење на повојот;

- Заобиколување на Каменот од страна на побратимот, мајката и детето, со курбанот;

- Колење на курбанот на самиот Камен;

- Мачкање на детето со крвта;

- Дарување на побратимот;

-Присутните кажувања во вид на лични сведоштва и доживувања на луѓето за побратимството и за верувањето во неговата делотворна моќ;

- Во побратимството на Говедар Камен не се гледа верска или национална припадност, како во минатото така и во денешно време;

- Народна книжевност: присутноста на легендата за Говедар Камен[41].

[38] Владимир Боцев, „Методологија и техника на аудиовизуелен запис“, *Македонски фолклор,* год. XXXII, бр. 63 (2006): 269.

[39] Филиповиќ, „Говедаров камен“, 27-28.

[40] За структурните елементи да се види повеќе: Петреска, *Побратимството*, 81-102.

[41] За посебните карактеристики да се види повеќе: Петреска, *Побратимството*, 103-104.

Заклучни размислувања

За дамнешното потекло на побратимството на Говедар Камен во прилог може да биде длабокото верување на луѓето од овој крај, но и пошироко од Македонија и надвор од неа, за неговата голема улога во лекувањето во неплодноста на жените. Не може со сигурност да се утврди дали потеклото може да биде од некоја друга етничка заедница, на пример од Турците, затоа што во минатото околните села во Овче Поле биле населени со Турци кои во почетокот на XX век се иселиле во Турција, по падот на Турската Империја. Меѓутоа, факт е дека вакви верувања и обреди што се вршат околу различни камења, дрвја или пак води, кои имаат необичен изглед, се присутни кај многу народи. Денешната слика на изведување на обредните дејства на Каменот покажува дека исто како и во минатото така и денес, Каменот не познава етнички или религиски разлики. Вакви претстави за светоста на одделни места (на пример камења) или свети води може да се каже дека имаат многу стари корени и се јавуваат и во архаичните религии. Во прилог може да се земе и неговата посетеност и извршување на обредот од различни верски и национални групи. Исто така, земајќи го фактот што побратимството спаѓа во социјалната сфера на живеење – семеен живот, поточно во духовното/ритуалното сродство – побратимство, а пак тоа во фамилијарниот циклус обичаи, а како секој настан (добивање потомство, како и болест на некој член од семејството) кај човекот и кај неговото семејство спаѓа во оние моменти во кои обредно се дејствува, доволно говори за неговата старост. Сепак, со пишувани податоци за обичаи околу светоста на камења, како и околу побратимувања, се сретнуваме од крајот на 19 век, а за Говедар Камен од 30-тите години на 20 век.

Со оглед на тоа дека побратимството спаѓа во духовното/ритуалното сродство, современите проучувања на сродството, почнувајќи од Д. Шнајдер сметаат дека треба да се прецизираат начините на кои луѓето, во различни култури, разликуваат што е дадено и што е направено, што може да биде наречено биолошко, а што – социјално, и точките во кои припадниците на различни култури ги прават таквите дистинкции, што без предрасуди треба да биде централно на компаративните анализи на сродството[42]. Ова би значело дека современите истражувања се насочуваат на интерпретација на културните различности и на разбирањето на значењата[43], што е во согласност со формулацијата на Клифорд Герц дека антропологијата не треба да се сфаќа како „експериментална наука во барање на (универзални) закони, туку како интерпретативна наука во барање значења“[44]. Во оваа смисла и Џенет Карстен зборува за „поврзаност“ и за „култури на поврзаност“, односно што е она што ги поврзува луѓето[45]. Ако се служиме со речникот на Џ. Карстен, во побратимството на Говедар Камен најзначајни елементи што ги поврзуваат[46] двете

[42] Janet Carsten, *After kinship* (University of Edinburg. Cambridge University Press, 2004), 189.

[43] Петреска, *Побратимството,* 10.

[44] Zorica Ivanović, „Pogled na savremene transformacije antropološke teorije i prakse“, *Antropologija* 6 (2008): 98.

[45] Carsten, *After kinship,* 224.

[46] Janet Carsten, “The substance of kinship and the heat of the hearth: feeding, personhood, and relatedness among Malays in Pulau Langkaw”, *American Ethnologist*, Vol. 22, No. 2 (May, 1995): 229-236.

семејства, односно семејството на жената и семејството на побратимот, се: Каменот, волната и крвта од закланото јагне, а местото на нивното поврзување е Говедар Камен.

Духовното/ритуалното сродство, а во негови рамки и побратимството, како и побратимството на Говедар Камен, а исто така и верувањето во светоста на камењата, со текот на времето се подложни на промени, па е нормално и многу обредни активности, верувања, табуа веќе да се изгубени или пак се наоѓаат во рудиментирана форма или пак да добиваат: нова форма, функција и значење. Новите општествено- економски услови, почнувајќи од средината на XX век, а особено од неговиот крај, сепак, придонесуваат да се сретнуваат помал број учесници, но во секој случај, тоа е присутно за разлика од другите краеви на Македонија кога процесите на исчезнување на побратимството почнуваат порано. Во рамките на промените што се случуваа, треба да се нагласат и миграциските процеси село/град со што и голем дел од населението се иселуваше во градовите, па нормално е и да се очекува да се намали обемот на побратимување во услови кога во селските средини се останати значително помал број жители. Но, сепак, сè уште се сретнува, главно, кога желбата за потомство е голема.

Во рамките на промените на обредот би можело да се спомене дека во минатото појасот или повојот или коланот, се правел како за жената, така и за мажот. Овие појаси требале да ги носат во текот на целата година, односно до наредниот Ѓурѓовден. Во денешно време појас се плете само за жената, а мажот само е присутен на местото на обредот, односно во месноста Говедар Камен.

Културното добро „Побратимството на Говедар Камен“, според својата природа, покрај во циклусот од фамилијарниот живот, поточно во сродничките односи, исто така спаѓа и во народната митологија. Ова говори дека одделни негови содржини се негуваат индивидуално од семејствата, во зависност од нивните верувања во склучување сроднички односи по пат на побратимство или пак колку кај нив е присутна вербата во натприродното. Покрај индивидуалното, односно семејното значење, општественото значење го гледаме во грижата на семејството кон нивните членови, но, од друга страна, ја гледаме и поширокаата заедница кога некој нејзин член се нафаќа да ја преземе улогата на побратим и на тој начин настојува да помогне на семејството. Општественото значење се гледа и со формирањето на нов вид духовно/ритуално сродство – побратимство.

Побратимството со неговите обредни постапки, верувања, магиски дејства се сретнува не само во нашата туку и во другите култури, што е и разбирливо кога ќе се земе предвид фактот дека тоа е дел од животниот тек на човекот, на фамилијата. Слична е ситуацијата и во верувањата во лековитата и заштитната моќ на определени камења. Со овој факт, обредноста на Говедар Камен можеме да ја согледаме како поврзаност со широко распространетите верувања во култното значење на определени камења или, пак, води или дрвја ширум Македонија, а вакви верувања се широко распространети и во многу други култури ширум светот. Но, овде се јавуваат некои локални и регионални карактеристики. Со тоа ја согледуваме и автентичноста на културното добро, кое поблиску ги расветлува локалните гледишта, ставови, а со тоа и организациската структура на традиционалните заедници. Преку ваквите фолклорно-етнолошки и традициски дејствија, се согледуваат и специфичните ставови и погледи на луѓето кои, пак, влијаат на вкупното однесување на поединците, но и на целата општествена заедница во услови кога се загрозени: потомството, животот и здравјето – едни од најголемите вредности на заедницата. Она што можеме да го издвоиме како автентично

за Говедар Камен е склучувањето побратимство, за разлика од другите предели на Македонија каде што, исто така, има многу камења за кои се верува дека имаат лековита или заштитна моќ на кои одат болни луѓе или, пак, жени неротки, но потоа не се склучуваат побратимства. Според постари кажувања, ако жената добие дете, кум на тоа дете и на следните, најчесто ќе биде побратимот. Скорешните кажувања околу побратимувањето во најново време истакнуваат и некои разлики со постарите кажувања и од пишаните извори. Така, во најновите теренски истражувања можеме да слушнеме дека оној што бил побратим на Каменот не мора да ја преземе и улогата на кум ако младата брачна двојка добие дете, што говори во прилог дека значењето на побратимството како и, воопшто, духовното сродство, во современи услови, го намалува неговото значење. Но, сепак, на овој начин доаѓа и до „поврзаност“ меѓу семејствата на брачната двојка што отишла на Каменот и семејството на побратимот.

Истражувањата на побратимството на Говедар Камен покажаа дека сè уште длабоко се верува во светоста на Каменот, што значи дека и обредната практика живо е присутна на терен за време на Ѓурѓовден. За сè уште живите верувања во неговата моќ, сведоштва се и личните кажувања и доживувања на луѓето што ја искусиле моќта на Каменот, како и на оние што веруваат во неговата моќ, иако обредната постапка ја повториле неколку години по ред, како и кажувањата на жителите од пределот, но и надвор од него, кои се побратимиле и ја искусиле делотворната моќ на Каменот.

Може да се смета дека обредните постапки на побратимување на непознат маж и жена, во случај кога е загрозено потомството на млада брачна двојка кои биле многу присутни во минатото, и денес се извршуваат иако можеби бројот на оние што доаѓаат кај него е намален во споредба со минатото, што е и сосем разбирливо. Моите теренски истражувања направени во 2011 и во 2019 година, на Ѓурѓовден, за време на извршување на обредот, како и истражувањата што не се вршени на самиот ден, што значи дека тоа се само кажувања на жителите од селата кои гравитираат кон Говедар Камен, а и истражувањата на други истражувачи, ми потврдуваат дека, сепак, побратимувањето на Каменот е присутно и во денешно време, а обредните постапки се идентични или се во благоизменета форма како и постарите кажувања.

SUMMARY

METHODOLOGICAL QUESTIONS IN THE FIELD AND ARCHIVE RESEARCHES USED IN THE STUDY OF THE INTANGIBLE CULTURAL HERITAGE – ON THE EXAMPLE OF THE BLOOD BROTHERHOOD OF GOVEDAR KAMEN

Vesna PETRESKA

The research refers to the field and archival research, in particular the research of the Archive of the Institute of Folklore "Marko Cepenkov", and on the challenges they offer, as a type of cultural memory of the folkloric and ethnological heritage i.e., the intangible cultural heritage, as well as its presentation, protection and promotion. The methodological questions of the field and archival researches are presented through the example of the preparation of the scientific analysis of the "Blood brotherhood of Govedar Kamen". In 2019 the scientific analysis of the "Blood brotherhood of Govedar Kamen" was declared cultural heritage of particular importance, subcategory – exceptional importance. The blood brotherhood of Govedar Kamen is a living tradition, which is seen in the performance of ritual actions, beliefs, magical actions related to women unable to give birth, but also in the rituals associated with people who visit the place for the benefit of their own and the health of their cattle. The local population`s personal testimonials about the importance of the Stone, as well as those who have experienced the effectiveness of the Stone, are the most convincing proof of its power. The still present legends about the Govedar Kamen are an addition to the confirmation of its healing power. This means that the blood brotherhood can be considered a very significant moment in a life cycle of the individual, but also of the wider community, when offspring, life and health are endangered – some of the greatest and most important values in traditional culture. What we can emphasize as a unique trait of the Govedar Kamen is the conclusion of blood brotherhood, unlike in other regions of Macedonia, where there are also many stones which are believed to have healing and protective powers and which have been known to be visited by ill people or barren women, but after the rituals no blood brotherhoods are concluded. The connection among the two families through the act of the blood brotherhood is carried out on Govedar Kamen, where the ritual itself is preformed, for which important elements are the stone, the woolen thread and the blood of the slaughtered lamb.